**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 точка 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012 и 145/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.6.2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

1. Во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2013), во делот I. СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛО НА МАТКА, во точката 2. ОПРАВДАНОСТ, на крајот од ставот се додаваат зборовите: „Со скринингот, исто така ќе се опфатат и жените на возраст од 24-35 години кои во текот на 2012 година не направиле ПАП тест.“.

Во точката 7.МЕТОДОЛОГИЈА НА СКРИНИНГОТ, на крајот од ставот 3 се додаваат зборовите: „Со скринингот во 2013 година ќе бидат опфатени и жените на возраст од 24-35 години, кои во текот на 2012 година не направила ПАП тест.“.

Во ТАБЕЛА 1 „ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛО НА МАТКА НА НИВО НА ЦЕЛА ДРЖАВА“, во колоната Вид на мерки под Реден број 1, по зборовите: „од 36-51 години“ се додаваат зборовите: „и жените на возраст од 24-35 години, кои во текот на 2012 година не направиле ПАП тест.“ .

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-3964/1
24 јуни 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.